ПЛАТФОРМА
ЗА РОДОВА
ЕДНАКВОСТ

Денес маршираме за да покажеме дека трпението ни е на црвено! Денес маршираме за да покажеме дека веќе нема да толерираме празна реторика! Не прифаќаме декларативно залагање за родова еднаквост, ниту закони и стратегии за кои не се издвојуваат финансиски средства и кои не водат кон остварување на реални промени во животите на жените.

БАРАМЕ:

1. ПАРЛАМЕНТОТ ВЕДНАШ И БЕЗ ОДЛАГАЊЕ ДА ГИ ДОНЕСЕ ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКИН НА БРЕМЕНОСТА, ЗАКОНОТ ЗА СПРЕаЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ОНАКА КАКО ШТО СЕ ПРЕДЛОЖЕНИ!

2. ВЛАДАТА ДА ОБЕЗБЕДИ БУЏЕТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ВЕТУВАЊАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ И РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ!

3. АФИРМАТИВНИ МЕРКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ И ФУНКЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РАБОТНО МЕСТО ПО РОДОВА ОСНОВА!

4. ИТНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАТОРСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ВО НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ!

5. АДЕКВАТНА, НАВРЕМЕНА И ЕФИКАСНА ПРЕВЕНЦИЈА, ЗАШТИТА И ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ И ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ОД ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ СЕ ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА И СТРОГО САНКЦИОНИРАЊЕ НА СЕКОЕ НЕПОСТАПУВАЊЕ.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОВОЛНО ФИНАНСИИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ЗА ЖЕНИТЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ГРАЃАНСКИТЕ И КРИВИЧНИТЕ СУДСКИ ПОСТАПКИ. ГИ ПОВИКУВАМЕ ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ДА ГИ ИЗРЕКУВААТ ПРЕДВИДЕНИТЕ ЗАТВОРСКИ КАЗНИ ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.

6. ИТНИ РЕФОРМИ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕПРОДУКТИВНОТО ЗДРАВЈЕ НА ЖЕНИТЕ - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ДО ГИНЕКОЛОШКИ УСЛУГИ ЗА СИТЕ ЖЕНИ И ЦЕЛОСНО ИСКОРЕНУВАЊЕ НА НЕЗАКОНСКАТА НАПЛАТА НА УСЛУГИТЕ КОИ СЛЕДУВААТ БЕСПЛАТНО КАЈ МАТИЧНИТЕ ГИНЕКОЛОЗИ. УНАПРЕДЕНИ ПРОГРАМИ СО ОПФАТ НА НАД 75% ОД ЖЕНИТЕ ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА И РАКОТ НА ДОЈКАТА КАЈ ЖЕНИТЕ, ЗГОЛЕМЕН БРОЈ И КВАЛИТЕТ НА ПОСЕТИ ПОМЕЃУ ЖЕНИТЕ ВО РЕПРОДУКТИВНИОТ ПЕРИОД, ЗА ВРЕМЕ НА БРЕМЕНОСТА И ВО ПЕРИОДОТ ПО ПОРОДУВАЊЕТО, ОСОБЕНО НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ–РОМКИ, ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ ПОДРАЧЈА И ЖЕНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО НЕПОВОЛНИ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ УСЛОВИ.

7. ЗАКОН ЗА СПОРТ И СТРАТЕГИЈА ЗА СПОРТ ВО КОИ СЕ ВОДИ СМЕТКА И ЗА СПОРТИСТКИ.

8. ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ДА ОБЕЗБЕДАТ АКТИВНО УЧЕСТВО ВО ПЛАНИРАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И БУЏЕТОТ, ПРИСТАП ДО ЈАВЕН ПРЕВОЗ, ГРАДИНКИ, ВОДА, ОСВЕТЛУВАЊЕ, ИГРАЛИШТА И ЕФИКАСНО СОБИРАЊЕ ОТПАД.

9. ВАЛОЗИРАЦИЈА И ПОДДРШКА НА АВТЕНТИЧНОТО ЖЕНСКО УМЕТНИЧКО ТВОРЕШТВО И НА ЖЕНСКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО КУЛТУРАТА. ИТНО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА КУЛТУРА СО КОЈ ЌЕ СЕ ЗАШТИТАТ РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА НА КУЛТУРНИТЕ РАБОТНИЧКИ И ЌЕ СЕ УНАПРЕДАТ НИВНИТЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ.

Време е институциите на оваа држава да почнат да работат и за граѓанките!